# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.8/2013
## 25.06.2013 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за утврдување на приоритет на проект „ Патен правец с.Тимјаник-с.Д.Дисан” во должина од 1,587 км**

Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет на проект „ Патен правец с.Тимјаник-с.Д.Дисан” во должина од 1,587 км, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.06.2013 година.

Бр.08_344/1
25.06.2013

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 79, став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 24.06.2013 година, ја донесе следнава:

## ОДЛУКА
### За утврдување на приоритет на проект

Член 1

Со оваа одлука се утврдува приоритет на проектот ***" Патен правец с.Тимјаник-Д.Дисан,, во должина од 1,587 км,*** а во врска со Јавниот повик бр.02/2013 од 03.06.2013 на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013-Мерка 3.2.1.Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини-Развој на јавна инфраструктура во рурални средини, под-мерка 1:Инвестиции во локална патна инфраструктура ( вклучително и мостови) за поврзување меѓу две или повеќе села во должина до 5 км.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Неготино “.

Бр.07_337/3
24.06.2013 година

**Советот на Општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата „ Патен правец с.Тимјаник-с.Долни Дисан” во должина од 1,587 км.**

Се објавува Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата „ Патен правец с.Тимјаник-с.Долни Дисан” во должина од 1,587 км., што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.06.2013 година.

Бр.08_344/2
25.06.2013

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 79, став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 24.06.2013 година, ја донесе следнава:

## ОДЛУКА
### За давање согласност за намената на инвестицијата

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Неготино дава согласност за намена на инвестицијата со цел реализација на проектот ***" Патен правец с.Тимјаник-Д.Дисан,, во должина од 1,587 км***, а во врска со Јавниот повик бр.02/2013 од 03.06.2013 на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013-Мерка 3.2.1.Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини-Развој на јавна инфраструктура во рурални средини, под-мерка 1:Инвестиции во локална патна инфраструктура ( вклучително и мостови) за поврзување меѓу две или повеќе села во должина до 5 км.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде по објавувањето во „Службен гласник на Општина Неготино “.

Бр.07_337/4
24.06.2013 година

**Советот на Општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за утврдување на приоритет на проект „ Партерно уредување на с.Долни Дисан"**

Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет на проект „ Партерно уредување на с.Долни Дисан", што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.06.2013 година.

Бр.08_344/3
25.06.2013

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 79, став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 24.06.2013 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА
### За утврдување на приоритет на проект

Член 1

Со оваа одлука се утврдува приоритет на проектот ,,***Партерно уредување на с.Долни Дисан,,*** а во врска со Јавниот повик бр.03/2013 од 08.06.2013 на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013-Мерка 3.2.2.Обнова и развој на селата, Под-мерка 3:Инвестиции за изградба и/или реконструкција на плоштади, зелени површини и /или шеталишта во рурални средини до 30.000 жители.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Неготино “.

Бр.07_337/5
24.06.2013 година

**Советот на Општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата „ Партерно уредување на с.Долни Дисан”**

Се објавува Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата „ Партерно уредување на с.Долни Дисан”, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.06.2013 година.

Бр.08_344/4
25.06.2013

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 79, став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 24.06.2013 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## За давање согласност за намената на инвестицијата

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Неготино дава согласност за намена на инвестицијата со цел реализација на проектот ***" Партерно уредување на с.Долни Дисан,,*** а во врска со Јавниот повик бр.03/2013 од 08.06.2013 на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013-Мерка 3.2.2.Обнова и развој на селата, Под-мерка 3:Инвестиции за изградба и/или реконструкција на плоштади, зелени површини и /или шеталишта во рурални средини до 30.000 жители.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Неготино “.

Бр.07_337/6
24.06.2013 година

**Советот на Општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за утврдување на приоритет на проект „ Пат с.Горни Дисан-с.Вешје во должина од 800 метри**

Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет на проект „ Пат с.Горни Дисан-с.Вешје во должина од 800 метри, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.06.2013 година.

Бр.08_344/5
25.06.2013

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 79, став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 24.06.2013 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА
### За утврдување на приоритет на проект

Член 1

Со оваа одлука се утврдува приоритет на проектот ***"Патен правец Горни Дисан –Вешје,, во должина од 800 m,*** а во врска со Јавниот повик бр.03/2013 од 08.06.2013 на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013-Мерка 3.2.3.Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја,под-мерка 1.Инвестиции во локална патна инфраструктура( вклучително и мостови) за поврзување на населени места-села со локалитет од значење за начинот на живот и работа на селската популација во должина до 2 км.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Неготино “.

Бр.07_337/7
24.06.2013 година

**Советот на Општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата„ Пат с.Горни Дисан-с.Вешје во должина од 800 метри**

Се објавува Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата„ Пат с.Горни Дисан-с.Вешје во должина од 800 метри, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.06.2013 година.

Бр.08_344/6
25.06.2013

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 79, став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 24.06.2013 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА
### За давање согласност за намената на инвестицијата

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Неготино дава согласност за намена на инвестицијата со цел реализација на проектот ***"Патен правец Горни Дисан –Вешје,, во должина од 800 m,*** а во врска со Јавниот повик бр.03/2013 од 08.06.2013 на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013-Мерка Мерка 3.2.3.Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја,под-мерка 1.Инвестиции во локална патна инфраструктура( вклучително и мостови) за поврзување на населени места-села со локалитет од значење за начинот на живот и работа на селската популација во должина до 2 км.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Неготино “.

Бр.07_337/8
24.06.2013 година

**Советот на Општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Правилникот за постапката и критериумите за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот**

Се објавув Правилникот за постапката и критериумите за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.06.2013 година.

Бр.08_344/7
25.06.2013

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 5, став 1 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ„ бр.61/04, 92/07 и 102/08) и член 1 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот („Службен весник на РМ„ бр.54/12 и 17/2013 ) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („Службен гласник на општина Неготино„ 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на 24.06.2013 година донесе

# П Р А В И Л Н И К
## ЗА ПОСТАПКАТА И КРИТЕРИУМИТЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНАТА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат критериумите за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот во кои спаѓаат: градежните објекти, градежното земјиште, земјоделското земјиште, шумите и пасиштата на кои ќе се пресметува данок на имот, данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок согласно Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот.

Член 2

При утврдување на пазарната вредност на градежните објекти се зема во предвид местоположбата (микро и макролокација), планираното односно утврдено право на градење и степенот на уреденост.

Пазарната вредност на градежното земјиште се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби во годината која и претходи на годината за која се врши процена на земјиштето.

За земјоделското земјиште се зема во предвид видот на земјоделското земјиште, земјоделската култура и класа.

Член 3

За утврдување на пазарната вредност на градежните објекти Општина Неготино е поделена на следните зони:

На најцентралниот дел од градот кој се наоѓа во пресекот на улиците А.А.Илов„, Јане Сандански„ Маршал Тито„ до „Душан Јуруков„ ќе се применува **13-та зона** од табеларниот приказ од Методологијата.

На централното подрачје на градот од училиштето „ Страшо Пинџур„ па преку ул.„ Даме Груев„ ја сече ул.„ Ленинова„ се до детската градинка „ Мајски цвет„ и преку ул.„ Ило Виларов„ оди до спојот со ул.„ Ацо Аџи Илов„ се спушта по истата го сече колекторот и преку кракот на ул.„ Ќиро Крстев„ ја следи целата улица, ја сечи ул„ Фемо Кулаков„,

продолжува по ул.,, Ќиро Крстев,, се до ул.,, Мирче Ацев,,.Продолжува низ ул.,, Мирче Ацев,, се до градскиот стадион.Излегува на ул.,, Маршал Тито,, се до пешачката улица што ги спојува улиците ,, Маршал Тито,, и ,, Питу Гули,,.Ја прати ул.,, Питу Гули,, се до пресекот на ул.,, Гоце Делчев,,, продолжува до ул.,, Димче Мирчев,, се до ул.,, Душан Јуруков,,, потоа продолжува до ул.,, Манчо Малиминов,, па преку кракот на ул.,, Никола Петров,, доаѓа до ул.,, Маршал Тито,, Ја следи ул.,, Маршал Тито,, и се спушта преку нејзиниот крак до црквата ,, Св.Атанасие - ќе се применува **15-та зона** од табеларниот приказ од Методологијата.

На останатиот дел од станбената зона во градот на градежните објекти кои се во непосредна близина на ул.,, Индустриска,, во Неготино како и во непосредна близина на клучката на автопатот Скопје _ Неготино кај Неготино ќе се применува **17-та зона** од табеларниот приказ од Методологијата.

Член 4

По однос на земјоделското земјиште катастарските општини на подрачјето на општина Неготино се поделение во 4 групи.Параметри за утврдувањето на пазарната вредност на земјоделските земјишта се класата и културата на истите.

ПРВА ГРУПА

| КО | КЛАСА | Вредност по метар квадратен ниви | лозја(овоштарник) |
|---|---|---|---|
| НЕГОТИНО<br>ДУБРОВО<br>ТИМЈАНИК<br>ПЕПЕЛИШТЕ<br>КРИВОЛАК<br>ВОЈШАНЦИ<br>КУРИЈА | | | |
| | 1 | 48 ден. | 70 ден. |
| | 2 | 45 | 65 |
| | 3 | 42 | 60 |
| | 4 | 40 | 55 |
| | 5 | 38 | 50 |
| | 6 | 34 | 40 |
| | 7 | 30 | 35 |
| | 8 | 28 | 30 |

ВТОРА ГРУПА

| КО | КЛАСА | Вредност по метар квадратен ниви | лозја(овоштарник) |
|---|---|---|---|
| ТРЕМНИК<br>Ц.БРЕГОВИ<br>Д.ДИСАН<br>ЏИДИМИРЦИ<br>ГОРНИ ДИСАН<br>ВЕШЈЕ | | | |
| | 1 | 38 ден. | 58 ден. |
| | 2 | 35 | 56 |
| | 3 | 30 | 52 |
| | 4 | 28 | 50 |
| | 5 | 20 | 45 |
| | 6 | 18 | 35 |
| | 7 | 16 | 30 |
| | 8 | 12 | 25 |

ТРЕТА ГРУПА

| КО | КЛАСА | Вредност по метар квадратен ниви | лозја(овоштарник) |
|---|---|---|---|
| БРУСНИК<br>ЛИПА<br>КАЛАЊЕВО | | | |
| | 1 | 18 ден. | 36 ден. |
| | 2 | 16 | 32 |
| | 3 | 14 | 30 |
| | 4 | 12 | 26 |
| | 5 | 12 | 26 |
| | 6 | 12 | 24 |
| | 7 | 12 | 24 |
| | 8 | 10 | 20 |

ЧЕТВРТА ГРУПА

| КО | КЛАСА | Вредност по метар квадратен<br>ниви | лозја(овоштарник) |
|---|---|---|---|
| ПЕШТЕРНИЦА<br>ШЕОБА<br>ЈАНОШЕВО | | | |
| | 1 | 14 ден. | 24 ден. |
| | 2 | 12 | 20 |
| | 3 | 10 | 16 |
| | 4 | 10 | 16 |
| | 5 | 10 | 16 |
| | 6 | 10 | 16 |
| | 7 | 10 | 16 |
| | 8 | 10 | 16 |

Член 5

Земјиштата во вид на ПАСИШТА и НЕПЛОДНО се вреднуваат исто како нива од 7 класа во соодветната катастарска општина, а ШУМИТЕ се вреднуваат исто како нивите од соодветната катастарска општина.

Член 6

Комисијата при утврдувањето на пазарната вредност на земјоделското земјиште може да утврди друга култура и бонитетна класа од онаа што е запишана во поседовниот (имотниот лист) каде што е евидентирана недвижноста, во зависност од состојбата на земјиштето што ќе се констатира со увид на лице место.

Член 7

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за постапката и критериумите за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот со бр.07-634/23 од 09.11.2010 година.

Член 8

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Неготино,,.

Бр.07_337/9
24.06.2013 година

**СОВЕТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за давање под закуп на недвижен имот во сопственост на општина Неготино во с.Тимјаник**

Се објавува Одлуката за давање под закуп на недвижен имот во сопственост на општина Неготино во с.Тимјаник, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.06.2013 година.

Бр.08_344/8
25.06.2013

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 64 став 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ„бр.5/2002 ) и член 131 од Статутот на Општина Неготино („Сл.гласник на Општина Неготино„бр.3/2006, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 24.06.2013 година донесе

# О Д Л У К А

## За давање под закуп на недвижен имот во сопственост на општина Неготино во с.Тимјаник

Член 1

Со оваа одлука се одобрува да се даде под закуп по пат на јавно наддавање, дел од недвижен имот во сопственост на општина Неготино во површина од 48 м.кв кои претставуваат дел од објектот на кп.бр.3672 кој е со вкупна површина од 217 м.кв. во КО Тимјаник, со можност за склучување на договор во траење од 5 години со најповолниот понудувач во кој договор да се предвиди обврска на закупувачот наместо плаќање на закупнина за горенаведениот период, на свој трошок да изврши реновирање на објектот според спецификација од општина Неготино со бр.10-сл. од 20.06.2013 година и редовно да ги плаќа трошоците за потрошена електрична енергија, вода и други комунални трошоци. Почетната цена на јавното наддавање се утврдува по 8.000,00 денари месечна закупнина.

Член 2

Ова одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Неготино„.

Бр.07_337/10
24.06.2013 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за спроведување на постапките за јавна набавка од страна на општина Неготино за набавка на енергенси за греење и превоз на учениците во основните и средното општинско училиште од општина Неготино**

Се објавува Одлуката за спроведување на постапките за јавна набавка од страна на општина Неготино за набавка на енергенси за греење и превоз на учениците во основните и средното општинско училиште од општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.06.2013 година.

Бр.08_344/9
25.06.2013

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 25 став 1 точка 8 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 24.06.2013 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За спроведување на постапките за јавна набавка од страна на општина Неготино за набавка на енергенси за греење и превоз на учениците во основните и средното општинско училиште од општина Неготино**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува дека општина Неготино ќе ги спроведува постапките за јавна набавка за набавка на енергенси за греење на училиштата (нафта, дрва и јаглен) и превозот на учениците во основните и средното општинско училиште од општина Неготино.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.07_337/12
24.06.2013 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучокот по однос на исполнување на урбанистичките услови за вршење на дејност складирање, третман или преработка на инертен отпад**

Се објавува Заклучокот по однос на исполнување на урбанистичките услови за вршење на дејност складирање, третман или преработка на инертен отпад, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 24.06.2013 година.

Бр.08_344/10
25.06.2013

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), постапувајќи по барањата на Трговското друштво ЈАНЕ 98 ДООЕЛ Неготино и Трговското друштво РЕЦИКЛИНГ ДООЕЛ Неготино, Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 24.06.2013 година го усвои следниот

# З А К Л У Ч О К

## По однос на исполнување на урбанистичките услови за вршење на дејност складирање, третман или преработка на инертен отпад

Член 1

На Трговското друштво ЈАНЕ 98 ДООЕЛ Неготино се дозволува привремено вршење дејност складирање, третман или преработка на неопасен инертен отпад за период од една година на Кп.бр.8210 во место викано „ Брестин Дол„ КО Неготино.

На Трговското друштво РЕЦИКЛИНГ ДООЕЛ Неготино се дозволува привремено вршење дејност складирање, третман или преработка на неопасен инертен отпад за период од една година на Кп.бр.3066 во КО Неготино.

Горенаведените трговски друштва заради продолжување на обавување на горенаведената дејност на овие локации, се должни да поведат иницијатива за усогласувањето на урбанистичко-планска документација на општина Неготино за горенаведените парцели.

Член 2

Овој заклучок влегува во сила со денот на усвојувањето, а ќе биде објавувен во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.07_337/11
24.06.2013 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

# С О Д Р Ж И Н А

## на Службен гласник бр. 8/2013

1. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет на проект „ Патен правец с.Тимјаник-с.Д.Дисан” во должина од 1,587 км Стр.1

2. Одлуката за утврдување на приоритет на проект „ Патен правец с.Тимјаник-с.Д.Дисан” во должина од 1,587 км Стр.2

3. Заклучок за објавување на Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата „ Патен правец с.Тимјаник-с.Долни Дисан” во должина од 1,587 км Стр.3

4. Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата „ Патен правец с.Тимјаник-с.Долни Дисан” во должина од 1,587 кмСтр.4

5.Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет на проект „ Партерно уредување на с.Долни Дисан” Стр.5

6. Одлука за утврдување на приоритет на проект „ Партерно уредување на с.Долни Дисан” Стр.6

7. Заклучок за објавување на Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата „ Партерно уредување на с.Долни Дисан” Стр.7

8. Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата „ Партерно уредување на с.Долни Дисан” Стр.8

9. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет на проект „ Пат с.Горни Дисан-с.Вешје во должина од 800 метри Стр.9

10. Одлука за утврдување на приоритет на проект „ Пат с.Горни Дисан-с.Вешје во должина од 800 метри Стр.10

11. Заклучок за објавување на Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата,, Пат с.Горни Дисан-с.Вешје во должина од 800 метри. Стр.11

12. Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата,, Пат с.Горни Дисан-с.Вешје во должина од 800 метри. Стр.12

13. Заклучок за објавување на Правилникот за постапката и критериумите за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот Стр.13

14. Правилник за постапката и критериумите за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот Стр.14-18

15. Заклучок за објавување на Одлуката за давање под закуп на недвижен имот во сопственост на општина Неготино во с.Тимјаник Стр.18

16. Одлука за давање под закуп на недвижен имот во сопственост на општина Неготино во с.Тимјаник Стр.19

17. Заклучок за објавување на Одлуката за спроведување на постапките за јавна набавка од страна на општина Неготино за набавка на енергенси за греење и превоз на учениците во основните и средното општинско училиште од општина Неготино Стр.20

18. Одлука за спроведување на постапките за јавна набавка од страна на општина Неготино за набавка на енергенси за греење и превоз на учениците во основните и средното општинско училиште од општина Неготино Стр.21

19. Заклучок за објавување на Заклучокот по однос на исполнување на урбанистичките услови за вршење на дејност складирање, третман или преработка на инертен отпад Стр.22

20. Заклучок по однос на исполнување на урбанистичките услови за вршење на дејност складирање, третман или преработка на инертен отпад Стр.23